# ХИДРОФОБ КРИСТАЛ

*Адитив за бетони и малтери со двојно дејство, производство на бетон со хидрофобни својства и во контакт со вода и зголемена влажност формира кристали во пукнатините и порите на бетонот со цел спречување на понатамошен продор на вода и нејзино истиснување. Инхибитор на корозија на арматурата*
*Одговара на: EN 934-2: T9*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Како адитив за бетон го спречува капиларното продирање на водата низ бетонот. Во контакт со вода формира кристални структури и на тој начин ги затвора порите и пукнатините во самиот бетон. Делува и површински зголемувајки ја хидрофобноста на бетонската или малтерската маса. Со ова е оневозможен продорот на вода и агресии (пр. соли, хлориди и сулфати) во бетонот. Се препорачува за изработка на бетони кај објекти кои се во контакт со вода како на пример: вкопани делови на објектите, темели, потпорни ѕидови, пристаништа, резервоари, базени, ладилни кули, мостови, шахти, тунели и сл.

## СВОЈСТВА

- Ја зголемува отпорноста на бетонот и малтерот на продор на вода под притисок;
- Ја намалува капиларната апсорпција на вода низ бетонските пресеци преку затворање на капиларите и микропукнатините со формирање на кристали;
- Со спречувањето на продорот на вода низ бетонот ја намалува карбонизацијата и ја зголемува трајноста на бетонот во услови на изложеност на мраз, соли и висока концентрација на $CO_2$;
- Инхибитор на корозија и дополнителна заштита на арматурата.
- Зголемување на крајните јакости на бетонот за најмалку 5%.
- Овозможува затварање на пукнатини во бетонската структура со ширина до 0,5mm.

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ, ИЗГЛЕД И ФОРМА

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Изглед | Визуелно | Кремава прашкаста супстанција |
| Насипна густина | | 0,65 kg/dm3 |

## ДОЗИРАЊЕ И ПЕРФОРМАНСИ:

Хидрофоб Кристал се дозира во текот на подготовката на бетонот во свежата бетонска мешавина откако ќе се дозираат останатите адитиви.
Препорачаното дозирање изнесува 3 – 4 kg/m³ бетон.
Во случаи кога дозирањето е на бетонската база, Хидрофоб Кристал се дозира заедно со агрегатот и се меша најмалку 30 секунди пред додавање на потребната вода и цемент. Потоа, потребно е дополнително мешање од 45 секунди, до подготвеност на бетонската мешавина за употреба.
Во случаи кога дозирањето се врши директно во миксерот за транспорт на бетон, препорачливо е адитивот да се дозира во миксерот при количина на бетон која изнесува најмногу 70% од вкупниот капацитет. Пред да се изврши дозирање на Хидрофоб Кристал во миксерот, истиот се препорачува да се подготви со додавање на вода во однос 2 : 1 (Вода : Хидрофоб Кристал), се додека не се добие течна маса. При додавањето на течната маса на Хидрофоб Кристал, мешањето на миксерот треба да



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

биде интензивно и постојано. По додавање на предвидената количина, интензивното мешање на миксерот да продолжи најмалку 1 min/$m^3$, но истото да не биде пократко од 5 минути. Продолженото мешање е неопходно за правилно распоредување на адитивот низ целата маса на бетонот со цел постигнување на правилен ефект од истиот.
Со цел постигнување на високи перформанси на водонепропусност на бетонските површини, препорачливо е Хидрофоб Кристал да се применува кај бетони со најмалку C25/30 класа на јакост на притисок. Притоа, од особено значење е комплетниот процес на подготовка, транспорт, вградување и нега на бетонот да биде усклаҷен со условите на објектот.
Формирањето на кристали во самиот бетон започнува со активирање на супстанциите во Хидрофоб Кристал при контакт или продори на вода во бетонот. Во зависност од типот на бетонот, дозирањето, видот на употребен цемент, како и од степенот на изложеност на бетонот на контакт со вода, формирањето на кристали најчесто започнува најрано 1 недела по првиот контакт со вода и може да трае подолг временски период. Доколку самиот бетон не е подолготрајно изложен на вода не доаѓа до формирање на кристали во структурата на бетонот.

## КОМПАТИБИЛНОСТ

Со цел постигнување на висок степен на водонепропусност, препорачливо е Хидрофоб Кристал да се применува во комбинација со некој од адитивите од групата на пластификатори или суперпластификатори од програмата на АДИНГ. Хидрофоб Кристал се применува во комбинација со адитивите од групата на Флуидинг, Суперфлуид и Суперфлуид 21. Различните адитиви во бетонот се дозираат посебно, односно не се мешаат меѓусебно пред уфрлувањето во бетонската мешавина.
При употреба на одредени типови на цемент може да дојде до успорување на врзувањето на бетонот и добивање на намалени јакости во рана фаза (до 1 ден).
Хидрофоб Кристал може да се користи во комбинација со адитивите за зимско бетонирање од програмата на Адинг. Препорачана е негова комбинација со Хидрозим Флуид.
При користење на два или повеќе адитиви во бетонот, Потребно е да се извршат претходни лабораториски испитувања со цел да се утврди точното дозирање за да се добијат бараните перформанси на бетонот.

## ПАКУВАЊЕ

Вреќа 4 и 20kg

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинално пакување, на температура од 5°C до 35°C и заштитен од директно влијание на сончеви зраци. Рок на употреба 12 месеци.



АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

## ОЗНАКА ЗА СЕРТИФИЦИРАН ПРОИЗВОД

CE
2032

АДИНГ АД Скопје,
Новоселски пат (улица 1409) бр.11
1060 Скопје, Северна Македонија

20

GAEF001/2

EN 934-2:2009+A1:2012

**ХИДРОФОБ КРИСТАЛ**

Адитив за водонепропусност на бетон

EN 934-2:T9

| | |
|---|---|
| Содржина на хлор јони | **≤ 0,1% по маса** |
| Содржина на алкалии | **≤ 23,0% по маса** |
| Корозивно делување | **Содржи компоненти само од EN 934-1:2008, Анекс А.1** |

АДИТИВИ ЗА БЕТОН И ЦЕМЕНТ

Опасност по здравјето: Хидрофоб Кристал не содржи токсични материјали. Потребно да се внимава материјалот да не дојде во контакт со кожата, очите или да се проголта. Во случај на контакт со кожа или со очите, потребно е веднаш плакнење со чиста проточна вода. Доколку се проголта, потребно е да се побара медицинска помош. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Пожар: Хидрофоб Кристал е незапалив прашкаст материјал. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Чистење и депонирање: Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип на отпад. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.